Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр. УП1 14-98 С
04-07-2019 год.
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 15.07.2019
Орг.един. | Број | Прилог | Вредност
02 – 513/9

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 216 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Применета хемија – аналитичка биохемија и Биологија – наставни кадри за средно образование на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Применета хемија – аналитичка биохемија и Биологија – наставни кадри за средно образование на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје се обрати со барање бр. 09-79/7 од 30.04.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-982 од 23.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Применета хемија – аналитичка биохемија и Биологија – наставни кадри за средно образование на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација 1409-525/3 од

15.04..2019 година и 1409-529/15 од 15.04.2019 година издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-982 од 23.05.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-982 од 23.05.2019 година, каде е наведено дека студиските програми од прв циклус четиригодишни студии по Применета хемија – аналитичка биохемија и Биологија – наставни кадри за средно образование на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР / MINISTËR**

**Dr. Arbër Ademi**

ДОСТАВЕНО И ДО:

- Архива

Подготвил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti